Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ"бр.111/08, 64/09, 88/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 г), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2017година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2018 година

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување најавната чистота во општина Гевгелија за 2018година, тоа:

Вид И обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување, динамика и начин на вршење на работите, обезбедувањ на јавни санитарни јазли И поставување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини И на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота, одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење, И претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината врши ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија.

### 2. ВИД, ОБЕМ, ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се врши:

Метење во централното градско подрачје, утврдено со ГУП, секој ден на улиците, тротоарите, плоштадот - шеталиштето, паркиралиштата од 5 до 7 часот во периодот од 1.04. до 31.10. во текот на годината (летен период) и од 6 до 8 часот во периодот од 1.11. до 31.03. во текот на годината (зимски период).

Јавните површини во останатите делови од градот ќе се метат еднаш неделно.

Во населените места, на јавна површина во центарот на населбата И влезните улици, метењето ќе се врши еднаш неделно, а во другите делови од населбата еднаш месечно.

Во туристичкиот локалитет Смрдлива Вода јавната чистота во центарот на локалитетот ќе се одржува еднаш неделно вопериодот од 01.04 до 30.09 (восезона),а во периодот од 1.10. до 31.03. (вонсезона) два пати месечно.

Миење на улиците ќе се врши еднаш неделно во летниот период на јавните површини во центарот на градот, а во зимскиот период по потреба (зависно од временските услови).

Во останатите делови од градот, како И влезните улици И центарот на населените места ќе се мијат по потреба.

Јавната чистота на јавните површини (парковите, уличните тревници, дрворедите) ќе се врши во летниот период секој ден, а во зимскиот период по потреба. Со програмата се планираи изградба на јавни санитарни јазли.

**3. ПОСТАВУВАЊЕ НА САДОВИ ЗА ОТПАД**

За одржување на јавната чистота на јавните површини во градот И населените места ќе се постават односно заменат оштетените садови-корпи за фрлање на отпадоци, како и контејнери за собирање на отпадот

**4.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година И истите изнесуваат 11.500.000,оо денари.

Средствата за одржување на јавна чистота предвидени со Програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година, Програма Ј4.

**5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за одржување на јавната чистота на општина Гевгелија за 2018 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2501/1
28.12.2017 г.
Гевгелија

Претседател
На Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов*